Врз основа на член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" бр. 12/06, 03/09, 18/10 , 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21), а согласно член 11, од Деловникот за работа на Комисијата за стипендирање на талентирани ученици и студенти на Советот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" бр. 11/11) и член 11 од Правилникот за условите, критериумите и начинот на доделување на стипендии на талентирани ученици и студенти во Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" 20/18) и Годишна програма за работа на Комисијата за стипендирање на талентирани ученици и студенти на Советот на Општина Велес за 2021/2022 година бр. 25-4515/2

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 16.12.2021 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за избор на талентирани ученици и студенти кои добиваат стипендија за учебната 2021/2022 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши избор на талентирани ученици и студенти кои добиваат стипендија за учебната 2021/2022 година, согласно Правилникот за условите, критериумите и начинот на доделување на стипендии на талентирани ученици и студенти во Општина Велес на Комисијата за стипендирање на талентирани ученици и студенти на Советот на Општина Велес.

1.За ученици стипендијанти за учебната 2021/2022 година се избираат:

| Реден бр. | Ученици |
|---|---|
| 1. | Ребека Манева |
| 2. | Деспина Миланова |
| 3. | Георгина Ртоска |
| 4. | Јани Штерјов |
| 5. | Ана Гајдова |
| 6. | Вероника Гијовска |
| 7. | Ружица Костова |
| 8. | Анѓела Драган |
| 9. | Ивона Богдановска |
| 10. | Ели Панова |

2.За студенти стипендијанти за учебната 2021/2022 година се избираат :

| Реден бр. | Студенти |
|---|---|
| 1. | Љубенка Ордева |
| 2. | Бојана Кацарова |
| 3. | Сандра Ташковска |
| 4. | Виктор Игнов |
| 5. | Цветанка Ацева |
| 6. | Изабела Апцева |
| 7. | Ана Трајчева |
| 8. | Орданче Рибарски |
| 9. | Марија Мијакова |

**Член 2**

Висината на стипендијата за талентираните ученици од член 1 на оваа Одлука изнесува 1.500,00 денари месечно, 9 (девет) месеци во текот на учебната 2021/2022 година.

Висината на стипендијата за талентираните студенти од член 1 на оваа Одлука изнесува 2.000,00 денари месечно, 9 (девет) месеци во текот на учебната 2021/2022 година.

**Член 3**

Средствата за оваа намена ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Велес, и истите ќе се исплатат на два дела и тоа првиот дел во оваа учебна година, а вториот дел во наредната учебна година.

**Член 4**

Стипендијата ќе биде исплатена на посебна трансакциона сметка на секој корисник на стипендија, по потпишувањето на договорот.

**Член 5**

Се задолжува Градоначалникот на Општина Велес со секој од стипендијантите да склучи посебен договор во кој ќе бидат регулирани начинот на исплата на стипендијата како и другите права и обврски што стипендијантите ги имаат кон Комисијата за стипендирање на талентирани ученици и студенти на Советот на Општина Велес.

**Член 6**

Наративниот извештај на Комисијата за стипендирање на талентирани ученици и студенти на Советот на Општина Велес, согласно спроведениот Конкурс е составен дел на оваа Одлука.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето, во „Службен гласник на Општина Велес“

Број 25-4804/3
16.12.2021 година
Велес

Петседател
на Советот на Општина Велес
Зоран Љутков с.р

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Совет на Општината
ВЕЛЕС
ОПШТИНА ВЕЛЕС